УПАТСТВА ЗА КОНКУРСОТ

"**Смисли нешто – остави трага**"

Контекст

Агенциите на Обединетите нации се активни во земјава од 1992 год., и се горди на одличното партнерство со Владата во текот на овие години. Остварени се значителни резултати на полето на социјалната вклученост, локалното владеење и заштитата на животната средина. ООН ја продолжуваат тесната соработка со Владата, граѓанското општество, академската средина, како и приватниот сектор и други партнери со цел постигнување конкретни резултати за доброто на граѓаните на земјава.

Оваа година земјава ја одбележува 20-годишнината од нејзиното членство во Обединетите нации. За да се одбележи овој важен момент, агенциите на Обединетите нации во земјава и Министерството за надворешни работи влегоа во партнерство со Центарот за социјални иновации, со седиште на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), во рамките на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со цел да распишат Конкурс за социјално-иновативни проекти. Целта на конкурсот е промовирање иновативни решенија за три значајни развојни предизвици што се соодветни на трите приоритетни области утврдени од страна на Владата и ОН во Програмата за развојна поддршка на Обединетите нации (УНДАФ) 2010-2015. Подолу се објаснети предизвиците и контекстот за секој проблем.

1. Изнајдете иновативно решение што ги става младите во преден план при справувањето со предизвикот на **родовите стереотипи** во приватниот и јавниот живот.

Земјава има опсежно законодавство за унапредување на родовата еднаквост; сепак државните статистички податоци укажуваат на родови нееднаквости во низа области.

Сè уште опстојуваат стереотипите што ги отсликуваат жените како сопруги и мајки, а мажите како глава на семејството, и тие се една од главните причини за родовите нееднаквости. Во некои средини, за девојчињата постои помала веројатност да одат во средно училиште отколку момчињата. Стереотипите влијаат врз одлучувањето кај жените и мажите при изборот на образованието и професијата, а како последица на тоа и врз одредувањето на нивната социо-економска и политичка моќ. Како резултат на тоа, професиите се поделени на "женски" и "машки;". 64% од женското население не излегува на пазарот на трудот; жените ги вршат најголемиот дел од неплатените домаќински работи и се грижат за децата и повозрасните. Конечно, жените се слабо застапени на раководни позиции и позиции каде се донесуваат одлуки, при што 30% од жените се избрани на функција, а 4-8% се на извршни позиции.

Имајќи го ова во предвид, би сакале да ги слушнеме Вашите идеи за тоа како да се стават младите во преден план при справувањето со предизвикот на доминантните родови стереотипи во приватниот и јавниот живот.

2. Изнајдете иновативен начин за приближување на **здравствените услуги** до **руралните средини**.

Во моментот 42,2% од населението живее во рурални средини. И покрај заложбите за обезбедување здравствени услуги во руралните средини, постарите луѓе, жените во репродуктивната доба и децата сè уште се соочени со предизвици во пристапот до здравствените услуги. За жал, постои нерамномерна распределеност на здравствените услуги и здравствените работници во земјата, а руралните подрачја се најзасегнати. Во некои подрачја, специјалистичките здравствени услуги се на оддалеченост од еден и пол час одење пеш од селото. Расположливоста, пристапноста и достапноста на услугите се важни при користењето здравствени услуги. Сепак, јавната свест за придобивките и расположливоста се исто така исклучително значајни.

Би сакале да ги слушнеме Вашите идеи за тоа како да се зголеми достапноста на здравствените услуги и нивното користење кај најизолираните граѓани што живеат во руралните средини.

3. Изнајдете иновативен начин за подигнување на свеста кај домаќинствата за важноста од **рециклирање електронски и електрични уреди и апарати**.

Рециклирањето електронска и електрична опрема штеди многу енергија – рециклирањето на еден мобилен телефон може да заштеди доволно енергија за напојување на лаптоп-компјутер за време од 44 часа.

Рециклирањето електронски и електрични уреди и апарати е важно од неколку причини – технолошки, економски и еколошки. Старите уреди може да се рециклираат во суровини што можат повторно да се употребат за производство на нови апарати. Несоодветното отстранување на овие апарати, од друга страна пак, може сериозно да ѝ наштети на животната средина ако се земе во предвид дека ваквиот отпад содржи помеѓу 600 и 1.000 отровни компоненти. Министерството за животна средина и просторно планирање неодамна изработи Стратегија за управување со отпад од електронски и електрични апарати, а истото ги поддржува и напорите за собирање и правилно управување со електронскиот отпад во земјата. Отпочнати се некои пионерски иницијативи во оваа област, како што е собирање батерии и мобилни телефони, но има простор да се направи многу повеќе.

Затоа, би сакале да ги слушнеме Вашите иновативни предлози што би ја подигнале свеста на луѓето за важноста од рециклирање електронска опрема и поинакви начини да се постигне тоа.

Цел на конкурсот

Главната цел на конкурсот е да се поттикнат поединците и организациите од граѓанското општество да ја искористат технологијата за постигнување на општествено добро, и поддршка на долгорочен рамномерен и одржлив развој. Се надеваме дека иницијативата ќе послужи како поттик на сите граѓани што се заинтересирани да ги искористат своите вештини и време во решавање на социјалните предизвици. За секој од наведените предизвици, ОН и Министерството за надворешни работи ќе наградат предлог-проект што ќе вроди со видливи резултати, на пример: нова услуга за граѓаните; поддршка за поефикасно обезбедување на постојни услуги; или промена во однесувањето

како резултат на подигнувањето на свеста. Посебно внимание ќе се посвети на предлог-проектите што имаат капацитет за проширување на национално ниво.

Тројцата победници ќе добијат поддршка за да развијат прототип од својот предлог-проект, во соработка со Центарот за социјални иновации. ОН и Министерството за надворешни работи ќе ги наградат идеите што имаат потенцијал да привлечат интерес кај партнерите, што може да се применат и да станат самоодржливи. Крајната цел е трите предлог-проекта што ќе победат да се имплементираат во земјата.

Награда за предлог-проектите што победиле

Ќе се одберат тројца победници – еден за секој предизвик. Секој од победниците ќе добие можност да го развие својот предлог-проект во прототип, во соработка со ОН и Центарот за социјални иновации, а ќе се покријат и трошоците во висина од најмногу 1.500 американски долари. Предлог-проектот што најмногу ќе & се допадне на избирачката комисија ќе добие награда од 500 долари во готовина. Ваквата подрршка ќе се состои од технолошка поддршка, менторство и поддршка во воспоставување контакти заради определување потенцијални партнери, кои што би биле заинтересирани за проширување и/или искористување на предложеното решение. Иноваторот ќе ги задржи правата на интелектуална сопственост, и се препорачува истиот да го регистрира своето решение како заштитна марка.

Услови за право на учество

Граѓани како и организации од граѓанското општество имаат право да поднесат предлог-проект на конкурсот. Приватните фирми не можат да учествуваат.

Процес и критериуми за избор

За да се обезбеди транспарентен процес при изборот, сите предлог-проекти ќе бидат оценувани според исти критериуми, приложени на крајот на овие упатства. За да бидете успешни, при изработката на Вашиот предлог-проект треба да се раководите според критериумите. Процесот на избор ќе се одвива во три фази, а победниците ќе се изберат од страна на комисијата формирана на оваа цел, а која се состои од претставници на ООН, Министерството за

надворешни работи, националната академска средина и граѓанското општество. Фазите на процесот на избор се опишани подолу:

1. Сите предлог-проекти пристигнати навреме ќе подлежат на прелиминарна оценка, и оние предлог-проекти што нема да ги задоволуваат условите за право на учество ќе бидат отфрлени во оваа фаза.
2. Предлог-проектите што ја поминале прелиминарната оценка ќе се разгледаат од страна на тимот на ООН, кои ќе ги одберат предлог-проектите што ќе влезат во потесен круг и ќе бидат доставени на разгледување од комисијата.
3. Комисијата ќе ги разгледа предлог-проектите и ќе одлучи кои ќе бидат тројцата победници од оние што влегле во потесниот круг.

Победниците ќе бидат поканети на приемот што ќе се организира по повод Денот на ООН, чии домаќини се ООН и Министерството за надворешни работи, каде ќе им бидат доделени наградите. Победниците, во соработка со ООН и Центарот за социјални иновации ќе го развијат прототипот од својот предлог-проект.

Процес на пријавување?

Сите што сакаат да се пријават треба да го сторат тоа преку интернет страната на www.ostavitraga.mk, и да ја пополнат апликацијата преку давање јасни одговори на прашањата. Секој што се пријавил ќе добие електронска потврда дека предлог-проектот е примен. Апликацијата може да биде доставена или на англиски или на македонски јазик.

Крајниот рок за доставување на предлог-проектите е 3-ти октомври 2013.

Лице за контакт: Аманда Сандел, координатор во канцеларијата на Постојаниот координатор на ООН, +389 2 3249 531.